# МАКЕДОНСКИ ОСТЕН

ВЕСНИК ЗА ХУМОР И САТИРА • ГОДИНА III • БРОЈ 11 • ФЕВРУАРИ 2010 • 30 денари


## НА НАШИТЕ МРТОВЦИ ЖИВИТЕ ИМ СЕ НАЈГОЛЕМ ПРОБЛЕМ.

ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ



МИЛЕ МАНЧЕВСКИ

## НЕ БАРАМЕ ЉУБОВ ОД ПОЛИТИЧАРИТЕ, АМА САКАМЕ ДА НЕ ЗАДОВОЛАТ.

РИСТО ФИЛЧЕВСКИ

# ИСУС ИЛИ ЛУЦИФЕР, ПРАШАЊЕ Е СЕГА

Исусе...

**Велат, чуда си правел!**
**Си можел луѓе да оживуваш!?**

**Аман бе Исусе, не биди наивен!**
Па на последните избори, нашиве, еден куп мртовци оживеаја. Живна земјата, дури и два метра подолу! И дедо ми, Господ душата да му ја прости, беше во избирачкиот список. Не знам за кого гласаше. Ама како и да гласаме, кај нас исто се фаќа: изборите ни се чиста лутрија. Е ај сега мери се со нас!
Исусе...

**Велат, чуда си правел!**
**Си можел со една риба**
**да нахраниш куп луѓе!?**

**Аман бе Исусе, не биди наивен!**
Нас, како докажани сомови, не хранат со ветувања. Станавме вегетаријанци. Тоа ти е исто како стока, само што пасеш од чинија. Не ставија на духовна диета - мозоците ни се испостија. Многу лош пример им даде: една риба а толку луѓе! Тоа ни председателката на партијата не може: со една риба да задоволи толку членови. Среќа нејзина што во партиите има се повеќе импотентни.
Исусе...

**Велат, чуда си правел!**
**Си одел по вода!?**

**Аман бе Исусе, не биди наивен!**
Тука со години одиме по магла, па ништо. Ние Македонците сме ти чудо на векот - талкаме во место! Не знам каква техника користиш ти, ама нашиве водачи користат НАТО и ЕУ техника на фаќање ветар и магла. Водачите толку магла нафаќаа, што младите мораа магла да фаќаат од земјата. Тоа беше единствен начин сонце да ги огрее. Сега со безвизниот режим, ќе можат да ја напуштата безвезната земја.

**Затоа не се занесувај многу, туку биди скромен и признај дека ни ти, ниту пак татко ти Господ, не сте она што бевте. Нови сили надојдоа како река која ќе не однесе во џенем.**

Можеш ли да направиш пеесет споменици со коњи, да направиш црква и џамија сред плоштад со идеја од периферија на умот, да направиш осумдесетина јарболи со знаме, музеи без број, мост со око - со очи да неможеш да го видиш, театар со политички глумци, згради со паркиралишта за паркираните на погрешно место, плоштади, музеи, барокни фонтани, фасади да преправаш... Плус да се подготвуваш за нов имендем од кумот грчки, да правиш влез за стариот континент и влез за новата воена алијанса, да се наоружаш до заби, да...???

Е бате, бате мој.

И татко ти Господ да го викнеш не ќе можеш да ги направиш, ако не ти помага Луцифер. И плус да бараш виза и од Алах. Ако не можеш ти, има некој помоќен кој може.
Денес Господ, Алах и Буда се едно те исто. Само ѓаволот ги направи различни.

**Васил ТОЛЕВСКИ**

**Костадин УСТАПЕТОВ**




## НАРОДОТ РЕТКО ГРЕШИ. ЕДНАШ ВО ЧЕТИРИ ГОДИНИ.

**Александар ЧОТРИЌ**

## НЕКОИ НАРОДИ СИ ЈА СРЕДИЈА ДРЖАВАТА, НО НЕКОИ ДРЖАВИ СИ ГО СРЕДИЈА – НАРОДОТ!

**Иван КАРАДАК**




Миле МАНЧЕВСКИ



Миро ГЕОРГИЕВСКИ

# ДА ТЕ ПРАШАМ

**Асоцијација**
- Зашто пратениците не носат црни костуми?
- Затоа што не жалат за она што му го прават на народот.

**Тоалет**
- Има ли тоалет во зградата на парламентот?
- Се разбира дека има.
- Па зашто тогаш пратениците трчаат зад говорницата.

**Бог**
- Веруваш ли во Премиерот.
- Не. Јас сум атеист.

**Рејтинг**
- Замисли, Претседателот имал рејтинг од четириесет насто.
- Што, зарем има толку голема фамилија!

**Телевизор**
- Што значи да ја сонуваш првата антикорупционерка Мирјана Димовска.
- Ќе ти се расипе телевизорот...
- И...
- Ќе имаш слика, а ќе немаш тон.

**Писмо**
- Цела ноќ го сонувам Фазли Велиу.
- Ништо страшно. Ќе добиеш писмо.

**Суд**
- Во последно време чуствувам дека и министерот Маневски си има свој суд.
- Во тоа е и проблемот.
- Зошто.
- Затоа што ниту еден Министер не треба да си има свој суд.

**Круши**
- Слушна ли дека Министерот за земјоделие на ресенчани им порача да садат круши.
- Со вакви министри се исто е што ќе посадиш.
- Зошто.
- Зошто повеќе од сигурно е дека што и да посадиш ќе го обереш бостанот.

**Министер**
- Еден ден кога ќе пораснам и јас ќе станам министер.
- Ако сакаш да станеш министер треба да се потрудиш да не пораснеш.

Миле ЃОРЃИЈОСКИ

# ФИЛУВАНО ОД РИСТОС

Сами си ја кршиме главата
а после бараме сите да офкаат со нас.

Потпирајќи се на политичарите
не ви бега паѓањето.

Навистина се ретки мали народи со
– големи политичари!

Најпосле ги засукаа ракавите,
да примат вакцина против грип.

Македонија личи на циркузант.
Постојано оди по жица.

Додека не ми рекоа на телевизорот,
поим немав како живеам.

Знам дека ги плаќаме
грешките на политичарите,
ама барем тоа нека биде на рати.

Го забоде длабоко ралото,
и го обвинија за силување на земјата.

**Ристо ФИЛЧЕВСКИ**



**Миро ГЕОРГИЕВСКИ**



**Кети РАДЕВСКА**

# ИВАНИЗМИ

**Иван РУСЈАКОВ**

Имаше отворено срце, но само за време на - операцијата!

Добриот полицаец се наоѓа себе си дури кога ќе најде
некој добар - криминалец!

Големината на кредитот најдобро се чувствува во огромните камати!

Од своите корени најлесно се откажуваат оние што уште во корен
садат омраза!

Врапчињата полесно ги дознаваат ниските работи отколку орелот!

Најголем криминал е кога чуварите на правдата
не ги интересира никаков криминал!

Нема ништо пострашно од тоа кога некој ќе се испогани од страв!

Никој не е толку добар за да не може барем малку да го направат - лош!

Сè е поголем бројот на оние што се хранат директно од - задникот!

Тој секогаш ги покажуваше забите и покрај тоа што му беа - вештачки!

Половина век иванизам, а ни половина векна леб хонорар!

Оној што не можеш никогаш да го видиш на работа,
гледај го на - телевизија!

# ВРАТАТА КОН ЕВРОПА НИ Е ШИРУМ ОТВОРЕНА, САМО ШТО НЕ МОЖЕМЕ ДА ГО ПОМИНЕМЕ ПРАГОТ!

**Иван РУСЈАКОВ**

# ПАРЛАМЕНТАРНИ СКАКУЛЦИ

Владината делегација која престојуваше во Израел, беше запрашана: Какви растенија најмногу успеваат во Македонија? Владината делегација не можеше уста да отвори од чудо! Како да им одговори на Израелците, дека во Македонија најмногу успеваат - балваните!?

Управата за јавни приходи направи поход кон црковните епархии и наложи на поповите и останатите сиромаси од црковна вера да плати неколку илјади евра, на име персонален данок! Решенијата се пратени и се очекува, како и се во Македонија - Господ да плати!

Борис Тадиќ се нуди да биде мост меѓу Македонија и Грција во спорот со името. Нормално, нашите одбиваат ваков мост. Министерот Милошовски машки одговори: Нас мост не ни треба. И онака сите не газат!

Забелешка од нашиот верен читател Стојко Курназлацковски: Законот за пушење што го донесе владата, некаде се почитува а некаде не! Знаете каде не се почитува?! Онаму каде нашите политичари пушат она што не е за пушење.

Малите Албанчиња не сакаат да го учат македонскиот јазик. Паметни се малите деца! Зошто да учат јазик кој не се зборува?! Доказ: нашиве во Собранието секогаш молчат кога другиве не толчат.

За лустрацијата изгледа дека дојде крајот. Бадијала е. Комисијата се прави на Тошо! Сите кои поднесоа документи се прогласени за чисти. Како чисти - барем половината од нив, Вардар не ги пере. Уште од притоката во 1945, па се до устието во 2009.

Сè почести се најавите дека владата нема ниту денар во својата каса. Лажна слика за финансовата состојба во државата! Парите се тргнати на сигурно, кај сигурни членови на нашето братство. А кога треба ќе ни покажат...

**Сотир МАЗГАЛОВСКИ**




**Миле МАНЧЕВСКИ**



# ДЕНОВИ ЛИ СЕ ДЕНОВИ

**Миле ЃОРЃИЈОСКИ**

**Замена 1**

На мнозина коњот на кој е качен Александар Македонски повеќе им личи на Шарец отколку на Букефал.
Така е тоа со коњите никогаш не можеш да си начисто.

**Замена 2**

Заменувам факултетска диплома за само една партиска книшка.
Шифра: Знаењето е сила книшката е моќ.

**Поправка**

Градоначалникот на Скопје сеуште не го поправил часовникот на старата железничка станица.
Дали тоа Коце Трајановски сака да го сопре времето кога бил градоначаланик на нашата метропола.

**Факултети**

Останаа само уште неколку градови во Македонија кои сеуште немаат факултети. Да не си во кожата на граѓаните од овие анатемисани градови сигурно кутрите се чуствуваат како граѓани од втор ред.

**Споменици**

Како што тргнала работата со спомениците и одселувањето на младите од Македонија не е далеки денот кога ќе бидеме земја на спомениците.

**Грешка**

Лавовите што ќего чуваат мостот ќе бидат тешки неколку тони.
Значи ќе им фалат само сурли за да ја оправдаат прекумерната тежина.

**Пензионерска**

Благодарение на визионерството на нашиот градоначалник пензионерите секој петок ќе можат бесплатно да одат на Бит пазар за да си купат урда. Значи со најновите бенефиции ќе има СЕКОЈ ПЕТОК УРДА ЈАДАМ.

**Неуставност**

Според министерот Џелал Бајрами во сексот има многу неуставни работи. Крајно време беше на некој да му текне и од дупењето во здрав мозок да направи уставна категорија.
Кој дупи зло не мисли, а кој мисли не плаќа алиментација.

**Описменување**

Крајно време е да се отвори училиште за пратеници.
За секој пратеник посебен факултет. Така барем никој не ќе може да ги обвини дека во Парламентот се однесуваат како неписмени.

# КОСКА ВО УСТА



**Костадин УСТАПЕТРОВ**

Штом Европа ни вели што да правиме, сигурно не смета за деца.
Ќе види таа, кога ќе пораснеме.

Знаењето е сила знаењето е моќ.
Без диплома од комората не ти вреди дипломата од факултет.
Власта е сила, власта е моќ.

Откако не пратија во мајчината, на тв ни велат да се релаксираме.

На толку крадење, никој не е будала да пишува мемоари.

Држава и четириесет министри.
Сезаме, отвори се!

Како бе не можеш да најдеш работа кога со уставот и со рамковен договор ти е загарантирана.

Некому работата му оди, на друг му стои, на трет му лежи, а четврт - ја сонува.

Само оние што знаат, умеат да молчат.

# МОЗОЧНА КАЛДРМА



**Наташа ЃОРЃИЈОСКА**

Не бирајте ангели
ѓаволот си нема работа.

Направи мајмуни од нас, сега е свој човек.

Политичарите не јадат гомна
инаку самите себе си би си скокнале в уста.

Оние што не јаваат секогаш се на прав пат.

Кога народот пасе трева политичарите постигнуваат успеси на сите полиња.

Најмногу тропаат оние што одат на прсти.

Не водат бескрвни, а крвта не е вода.

Кога одлучуваат мршојадците
работите брзо засмрдуваат.

Знаеме што е гола вистина, не соблекоа.

Имаат криза на идентитетот.
Не знаат зад која маска да се сокријат.

Улицата не расипа,
не се разотидовме на време.

Само што се испилија, а гледаат во нас од птичја перспектива.

Парадокс: кучето лае, а стопанот каса.

Еднаш се живее, животот е скапа работа.

Оние што попуштаат
никогаш нема да се опаметат.

Се поделивме како браќа, а баш така не требаше.

И стрелецот е човек од крв и месо
исто како и метата.

Докажуваат дека се длабоко во право копаат дупки во законот.

И авангардата си има своја авангарда – обезбедувањето.

Капата не ни е по мерка на главата
затоа и ја ставивме пред нас.

Направија голем чекор, ни се качија на глава.

# ФРЛАЈЌИ НИ ПЕСОК ВО ОЧИТЕ, СТАНАА ГОСПОДАРИ НА ПУСТИНАТА.

**Васил ТОЛЕВСКИ**



Костадин УСТАПЕТРОВ

# И ЧОВЕКОЛИКИТЕ НЕ БИЛЕ БЕЗГРЕШНИ. ЕВОЛУИРАЛЕ ВО ЛУЃЕ.

**Стамен ГЕОРГИЕВСКИ**

# МИНИМАКСИМИ

Наметнавме убиствено темпо:
се убиваме и без причина.

Да бидеме парламентарни:
не сме во Парламентот!

Попушете го лулето на мирот,
па - на фронт!

Нам и на аеродромска писта
колата би ни тргнала наудолу.

Кога ќе ја потрошиме целата муниција,
можеби пак ќе бидеме браќа.

**Милован ИЛИЌ МИНИМАКС**

# ПЕСНА ОД МИЛАН

Ескимот гостинот секогаш
го понудува со својата жена,
а ние во гостољубовоста
отидовме и чекор напред.

Намерно допуштивме
да најзаслужните културно
- историски споменици
зарастат во коприви,
за да не страдаат од гром.

Конгресниот туризам е
позначаен од риболовниот.
Се уловува повеќе риба.

Миењето раце пред
јадење е во ред.
Ама пред она што ние
го јадеме, не е.

**Милан ТОДОРОВ**

# СТАМЕНИЗМИ

Човекот е најумното суштество
– за самоуништување.

Демократијата без леб е
секогаш гладна – за демократија.

Неиспегланите во политиката,
го пеглаат народот.

Од питачки стапови
– ниту колиба не бидува.

Откако порасна прлето
– го назначија за магаре.

Додека тие со вжештени глави
размислуваат – ние ќе смрзнуваме.

На ’рѓосаните за власт,
местото им е во отпад.

Со нивната математика можеме да си
ја пресметаме само сиромаштијата.

Од млатењето празна слама
само воловите имаат ќар.

Не му диригирајте на народот,
ќе останете без оркестар.

Босиот политичар и на
дупнат опинок се радува.

Му се чудат и му се крстат на умот,
а тој мисли дека е светец.

**Стамен ГЕОРГИЕВСКИ**

# САТИРИЧНИ ПРИКАЗНИ

### ДЕМОКРАТИЈА

Пред мене редок грав. Без месо. И за ваков едвам имам. Ама затоа кога со лажицата поминувам низ него, зрната летаат на сите страни. Потполно слободно, без принуда. За олкава демократија во чинијата во многу земји можат само да сонуваат.

### ВИРШЛИ

За многу удобности се изборивме. Ете, на пример, господарот секој ден топла бања ни подготвува. Водата, навистина, можеби е малку потопла па на некои кожата им паѓа, ама тоа се слабаци за кои не треба да се трошат зборови. Газдата во кадата ги вари виршлите и ништо не му е додека ги јаде.

### ПЕТ

Среќни, со големи чекори грабаме по изораниот пат кон демократијата и подобриот живот. Народните претставници секој час застануваат, го намирисуваат воздухот и значајно ќе извикнат: Тука е, во близина, го чувствуваме! И не не лажат. Единствено не ни кажаа дека тој пат со нашиот никогаш не се вкрстува.

**Ѓорѓе ОТАШЕВИЌ**

# ОВА ШТО ГО ИМАМЕ НИКОЈ НЕ НИ ГО ПОДАРИ. САМИ ГО УЗУРПИРАВМЕ.

**Јово НИКОЛИЌ**

**Веселин ЗИДАРОВ**



# МУЗИКА ЗА ГЛУВИ



## ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ

Гладот не направи анемични,
така да никому не можеме
да му бидеме крвни непријатели.

Новинарите се седма сила.
А останатите шест ги силуваат.

Знаеме дека сме смешни
повеќе отколку што треба.
Ама ние секогаш даваме
максимум од себе.

Распоредот на собите во Собранието
се во духот на развојот на земјата.
Собите се во близина на ќенефот!

Ние не правиме страшила.
Нив ги избираме!

Нам Македонците ушите ни се
најважни. Без алат нема занает.

Знамето добро се држи.
Иако ни е на пола копје!

На Балканот го нема Диоген.
Во бурето е барутот!

Не е секоја смрт тажна.
Неговата не развесели!

Се пресметуваме со секири.

Земјата се врти.
Ама нашата најмногу.

# ГОЛА ВИСТИНА



## АЛЕКСАНДАР ЧОТРИЌ

Полно работеше на себе.
Баш се гледа дека пропадна.

Кога дознаа за моите тајни,
станав јавна личност.

Моето куче обележа цела една
епоха. Додека шетавме низ музејот.

Само овцата може да се согласи
да биде жртвено јагне.

Небесниот народ пукаше високо
и така направи колективно
самоубиство.

Ние сме небесен народ. Затоа се
бориме за вселенска правда.

Народот мора да се разбуди
ако сака мирно да спие.

Ние ништо не гледаме.
Загледани сме во иднината.

Месијата стигна,
ама народот повеќе го нема.

Ако успееме да задржиме барем
дел од териториите,
за нас тоа ќе биде Голема Србија.

Нашите победи се историски.
Поразите се секојдневни.

# НИЗ ИГЛЕНИ УШИ



## МИЛЕ ЃОРЃИЈОСКИ

Не е повеќе татин син.
Го пратија во мајчината.

Тантал е наш човек
Ни ги остави маките.

Не сме потомци на слепите пејачи.
Нас не ние ди песна.

Ја сечат гранката на која што
седат. Ќе прават питачки стап.

Маските не патат од
крзиза на идентитетот.

Изборите беа тајни
Затоа и кандидатите
не ги симнаа маските.

Откако стана политичар
си има свој суд.
Такво е нашето судство.

Му ја одраа кожата.
Сега никој не го шиша.

И атеистите ќе му платат на попот.

Не е точно дека не водат коњи.
Коњите не водат магарешки инает.

Густо е. Сите сме во ист сос.



Веселин ЗИДАРОВ



Костадин УСТАПЕТРОВ

# ДЕМОКРАТИЈАДА



## АЛЕКСАНДАР БАЉАК

Мумијата е последниот стадиум од развојот на фараонот.

Кралот е мртов, ама никој тоа не смее да му го каже.

Моравме од него да направиме Господ. Поинаку не можеше да му се верува.

Го нема тој кого Сталин го сакаше. Никаде го нема. Тој како во земја да пропадна.

Многу траги водат до пештерата, а ниеден од пештерата.

Гостинот е специјалитет на куќата.

Вистина е дека јас ве водев, ама точно е дека заедно заталкавме.

Нашиот владар е бесчувствителен, ама затоа неговата болест е душевна.

Водачот е, простете, најистурениот дел од гласачкото тело.

Диктаторот сака исто што и народот: сака за сѐ сам да одлучува.

Другарот не ги праќаше децата на Голи Оток затоа што многу ги сакаше.

# МИСЛИ БЕЗ ПРОТОКОЛ

## ИВАН КАРАДАК

Тешко си им на бебињата
во државата,
во која цицаат-возрасните!

Секое чудо што трае три дена е
производ на нашите - чудотворци!

Некои народи повеќе сакаат
да почиваат во мир,
отколку да живеат во - мир!

Кога ни кажаа какви ставови
ќе заземат, знаевме дека ќе
гледаме - порно!

Самиот господ бог
ни ги испрати овие политичари.
Како - божја казна!

Егзистенцијалем минимум
во Македонија - вода и воздух!

На светот нема поголеми
антимакедонци од - Македонците!

На Македонците дури
и во патријархатот им ја
расплакуваа - мајката!

Уште од Ханибал требаше
да научиме дека со слонови
не се влегува во - Европа!

Најглупав начин да умреш за
татковината е да умреш од - глад!

Од сè што ветивте дека
ќе ни поделите, ни го поделивте
само - народот!

# АПЧИЊА ЗА ЗДРАВИ

## ГЕОРГИ ХАЏИВАСКОВ

Не се сади жито за да се чука празна слама.

Патриотизмот го чува дома, а парите надвор.

И во битките за името има дезертери.

Подобро е да помрднете од место, отколку од умот.

Правиот пат треба да се знае пред да го изгубиме.

Прогледа откако му ги нарусија очите.

Не негираат! Значи - постоиме!

Соништата не се остваруваат со спиење.

Откако го обраа се најде во небрано.

Молзачите дојдоа од село и продолжија да си ја гледаат работата и во градот.

Сиромавиот нема пријатели, а уште помалку непријатели.

Го испуштија и последниот воз, ама и понатаму градат пруги.






# ЗА ОНИЕ ШТО ОДАТ ПО МОЧКОВЦИ НИТУ ЕДЕН ВЕТЕР НЕ Е ПОВОЛЕН.

Наташа ЃОРЃИЈОСКА

## СТРАДАЊЕ ВО ЦИКЛУСИ

Погрешниот чекор го остави без нозе.

Воените инвалиди имаа среќа. Долгот кон татковината го отплатија на рати.

Не војувавме залудно. Дури сега сфативме
колку ни недостигаат загинатите.

Поради турканица на победничкото пиедестал,
дојде до природна селекција.

Не им завидуваме на подобрите од себе. Ги ликвидираме!

Од гусарите го наследивме она најубавото:ножот и превезот преку очите.

**Весна ДЕНЧИЌ**

## КРЛЕВИЗМИ

Се дави во просечност.
Ќе му помогнат да се удави - натпросечен е.

Плаќа висока станарина.
Живее во сопствената глава.

Од тиква без корен не бидува тикварник.

Можеби изгледате паметен,
но зарем има значење надворешниот изглед!?

Убавината е фатална, ако се поседува.
Со умот е обратно.

Магарето го повикаа во кавалеријата.
Носеше вода, а мислеше дека е коњ.

Џебовите му беа полни, а плати со празна глава.

Го погодија во главата. Истрел во празно.

Поминува преку сè. Најчесто, сув преку вода.

На следниот тајм-аут ќе отвориме
широка расправа за нашата игра.

**Атанас КРЛЕВСКИ**

# СЕКОЈ ЧОВЕК Е ПОТЕНЦИЈАЛЕН УБИЕЦ. САМО ТРЕБА ДА МУ СЕ ДАДЕ ШАНСА.

**Нинус НЕСТОРОВИЌ**

# НИЕ СМЕ УСПЕШНА ПРИКАЗНА... ЗА МАЛИ ДЕЦА.

**Наташа ЃОРЃИЈОСКА**

# СЕКОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ УБИЕН. НИЕ СМЕ ДЕМОКРАТСКА ЗЕМЈА.

**Слободан СИМИЌ**




**Миле МАНЧЕВСКИ**

# БАЛКАНСКА АФОРИСТИЧАРСКА РАПСОДИЈА

* Бев толку богат духовно, но дојде светската економска криза!
* Пратениците сѐ повеќе наликуваат на жени - вчера еден политичар ми кажа дека сум му прв!
* Бугарија се претвори во кинеска четврт, насекаде работиме за жолти стотинки!

**Пламен ГЕОРГИЕВ**

* Избирачката маса е пластичен материјал со кој многу може да се започне.
* Да се биде жив сведок на нашето време, тоа е привилегија на преживеаните.
* Господ на човекот му даде памет, а на будалите високи положби.

**Живоин ДЕНЧИЌ**

* Собранието конечно има кворум Прогласена е општа амнестија.
* Не ја праќајте авангардата во мајчината. Сепак таа е ваша претходница.
* Не само што ја сменив политичката програма, туку и режимот.

**Бојан БОГДАНОВИЌ**

* Не истераа на чистина, ловот може да започне.
* Не гледаше од својот агол - тапо!
* Утврдивме дека се е чисто како солза ама тие и понатака плачат.

**Абдурахман ХАЛИЛОВИЌ АХИЛ**

* Би се вратил во село кога би можел мотиката да ја тавам позади увото.
* Јас не верувам во вас бидејќи постоите, им рече Господ на луѓето.

**Сенад ХОНИЌ ХОНА**

* Ние сме сестрани. Нашите изгубени територии се наоѓаат на сите четири страни на светот.
* Тој дава се од себе кога зема од другите.

**Ристо МАЛЕШЕВИЌ РИМА**

* На изборите народот сам на себе си суди. Избраните после само му пресудуваат.
* Сите се со него, хранејќи се во народната кујна.

**Суно КОВАЧЕВИЌ**

* Кога би ги перел парите мене би ме испеглале.

**Боривоје ИЛИЌ**



Миро ГЕОРГИЕВСКИ

* И ако преживееме. И што?!
* Одбив да се занимавам со политика. Не сакам пред жената да се швалерисувам.

**Екрем МАЦИЌ**

* Достоевски да живее денес, би се двоумел од кој народ да избере идиот.
* Дали нашите политичари во Европа без граници ќе бидат ограничени?!

**Живко ВУЈИЌ**

* Народот го служи власта како будалата онаа работа.
* Што ни вреди да ја гледаме својата иднина кога не ни даваат да ја промениме.
* Ние сме будала народ. Тоа ни го признава цел свет.

**Зоран МАТИЌ МАЗОС**

* Срушена е старата идеологија и подигнати нови замоци.
* Страдам од несоница откако не ми се сите овци на број.
* Подготвен сум да ви се најдам во неволја. Јас сум секогаш во неволја.

**Милен МИЛИВОЈЕВИЌ**

* Со вкрстување на копјата настанува нова врста на наоружување.
* Паметта е ризична појава.Кога ќе се потпреш на неа, кога-тогаш ќе попушти.

**Милан Ј. МИХАЈЛОВИЌ**

* Бранејќи ги гробиштата ги проширија.
* Границата е нестабилна. Од другата страна се наши.

**Владислав ВЛАХОВИЌ**

* Денес имаме повеќе горила во парламентот отколку во зоолошката градина.
* Тешко дека во владата ќе ја препознаете дворската будала.
* Затоа што денес сите министри се скоро исти.
* Откако побегна од затвор, само полицијата знае каде се крие.

**Митар МИТРОВИЌ**

* Некогаш бевме една држава, а вредевме за осум.
* Сега имаме осум, а не вредиме ниту за една!
* Да се биде човек е неповторливо искуство. Да се биде човек во Србија, невозможна мисија.

**Срѓан СИМЕУНОВИЌ СЕНДАН**

* Развивме подвижен механизам, ама не уназади повратната полуга.
* Обесениот симнете го од бесилката, доста се натегате со него.

**Владица МИЛЕНКОВИЌ ВЛАЈЧЕ**

* Белата куќа е намачкана со сите бои.

**Ненад ЌОРИЛИЌ**

* Смртта гледа сериозно на работата. Секогаш ги зема најдобрите.
* И непрекинато да молчиш, пак можат да ти го земат зборот.

**Красимир ГЕОРГИЕВ**

* Писателот сакаше да каже нешто друго ама не знаеше.
* Говорникот е добра мета ако стои позади она што го зборувба.

**Дејан ТОФЧЕВИЌ**

* Никогаш нема да ја продадеме верата за вечера. Чекаме поповолна понуда.
* Не ни е што ни е демократијата во пелени. Туку што нема кој да и ги промени пелените.

**Драган РАЈИЧИЌ**

# ОТКОСО

Војската на Александар Велики
се бореле во Индија.
Нашите војници стасаа до Авганистан!

Тој е голем патриот.
Ако загусти има резервна татковина!

Натепаа новинар.
Се разгоре борбата на мислења!

Кога видоа дека е убаво
да си во сенка
формираа Влада во сенка!

Син на тате, ќе биде политичар!
Лаже од мали нозе!

Треба нешто да се менува.
Да почнеме од незаменливите!

Колку вреди чистотата на јазикот
кога е валкан образот!

Борбата за посветла иднина
има мрачни периоди!

Штедете ги сите видови
на енергија, освен личната.

Ако искуството е збир
од разочарувања, тогаш ние
сме искусен народ!

**Димитри ЛЕШНИКОВСКИ**

# ДЕТЕТО СО ДВАЈЦА ТАТКОВЦИ

Едно детенце по име Јовче, си возело точак заедно со своите другарчиња. Но, ненадејно се лизнало на патеката, изгубило рамнотежа и паднало. Притоа си ја повредило главата и едната рака. Бидејќи во тој момент на лице место не се нашол никој друг, туку првиот комшија и пријател на семејството на детенцето, Трајче. Кога видел што се случило, тој веднаш реагирал и со својот автомобил го однел повреденото дете во најблиската болница. Бидејќи немал друг избор, кога му побарале здравствена книшка и картонче се снашол и рекол дека му е татко на детето. Така во моментот успеал полесно да помине низ лавиринтот на болничката администрација.

Но, ете ти беља. Кога Миле, вистинскиот татко на момчето разбрал дека неговиот син доживеал незгода, тој веднаш се упатил кон болницата. Кога стасал таму, се уверил дека последиците од паѓањето не биле толку страшни. Но, исто така бил зачуден кога лекарот го дочекал со зборовите:

- Каде влегувате без никој да Ви одобри? Зарем не гледате дека внатре имаме повредено дете со кое е неговиот татко!

- Но, како може тој да му е татко, кога јас сум му вистинскиот татко на детето? - се побунил Миле.

Дури тогаш лекарот се налутил:

- Ве молам не сакам да Ви се мешам, но овде не е ниту време ниту место да си ги решавате заедничките интимни проблеми!

Но, кога Миле се уверил дека не неговиот Јовче не му е ништо, ја прифатил шегата и одговорил:

- А бе, докторе, што има толку чудно во тоа што некој вели дека му е татко на комшиското дете? Чудно е единствено храброста да го признае тоа!

Кога видел лекарот со какви шегаџии си има работа, се насмеал и ги пуштил да си одат дома без да ги пријави за погрешните податоци, кои и онака ќе паднат на товар на Фондот за здравство.

**Иван РУСЈАКОВ**

# БЕЗБОЛНО ВОВЕДОВМЕ ДЕМОКРАТИЈА. НЕ ЈА НИ ОСЕТИВМЕ.

**Александар БАЉАК**




**Миле МАНЧЕВСКИ**

# ГОРЕ Е ПОДОБРО

Политичарите секогаш се жртвуваат за нашата работа - сè додека не стане нивна. Како работите се менуваат преку ноќ, така приватизацијата се приведува кон крај. Кога претставата се игра во темница, изиграните не ја гледаат разликата помеѓу демократ и демагог.

Да не се демократските промени, не би знаеле каква може да биде демократијата. Демократскиот централизам е Ленинова оставштина: учи, учи и само учи на грешки. Не би им верувале, да не не лажеа.

Предизборните ветувања не паднаа во вода. Испарија. Транспарентноста на Србија не ја покрива паролата: Доле крадците. Крадците се горе.

Политиката едно, економската логика друго, работниците трето. Штрајкуваат оние кои немаат што да изгубат и оние кои имаа порано. Диктатурата на пролетеријатот успешно е завршена. Од пролетерите ни трага ни глас.

Откако го снема средниот слој, горе е поубаво. Кога работниците поминаа сито и решето, останаа на цедило. По правило: за да работите ги решавате во од, мора да мрднете од место. Работничките барања се нереални: бараат плата во една држава, а исплатата се извршува во друга. Владата нема да попушти пред нереалните барања на работниците. Реалните обврски и онака не можат да се исполнат. Министерот рече па порече. Нека се подготви Владата.

Никој не зборува за работата. Не може да дојде до збор. Ниту работниците не можат да ја прифатат стварноста онаква каква што е. Во неа не ни учествуваа.

Животот оди понатака. Ние по него.

**Илија МАРКОВИЌ**

# ЈАЗИКОТ НАШ

Утрово пред маалската месарница го сретнав мојот „маалски" пре(го)варач за името ни Македонија, натоварен со тринаесет преполни ќеси, одеше кон „мечката" паркирана во тревникот.

- Добро утро, му велам, а тој пре(го)варачки ме погледна и ништо не изусти. Еej, мој пре(го)варачу, сакам да те прашам со кој јаз(и)к преговараш за името на државата ни?

- Со мојот, ми одговори кусо, со тесно достоинство, достоинствено.

- Со твојот во устата што ти е или...?

- Ааа, мислиш, со кој јаз(и)к се служам во преговорите, ме поправи во изговорот мој погрешен.

- Па, со англиски јаз(и)к додаде:

- Со англиски јаз(и)к, јаз(и)к да ти се стори... абе ти ептен јаз(и)клија си бил? – го подзајадувам.

- Вие колначите многу ми пречите во преговорите, ми правите малери за името, ме прекори.

- Абе, не те колнам, колнат еден, туку така ми доаѓа од дното на душата. А за идентитетот, како преговараш за него?

- Многу лесно, сосема нормално, ми одговори пре(го)варачот мој.

- Како лесно, како нормално, лесен, ненормален еден?! Абе, тој е македонски, еej!

- Немој да навредуваш! Јас сум дипломат, дипломат од кариера. Знаеш ли што значи тоа?! – нервозно изреагира мојот пре(го)варач, колку да го слушне соседот Кирил, кој веднаш му се втурна:

- Слушај дипломату, недипломиран! Од такви дипломати преку такво ми е! Ебави тоа дипломатијата што ни ги дипли името, јазикот, идентитетот...!

Тогаш си ја свиткав опашката како политичар по изборно, се втурнав во влезот од зградата, сеир оттаму да погледам, оти тоа не било моја работа, туку на соседот Кирил. Гледам и тој влезе во соседната зграда откако многу соседи излегоа да видат во што е расправијата, зашто и негова не била таа работа.

Така е, зошто е, до кога ќе е?!!!

**Стамен ГЕОРГИЕВСКИ**



Саша ДИМИТРИЈЕВИЌ

# ПЕЦКАЊЕ

Наскоро ќе биде крајот на светот.
Се договараат Хрватите,
Србите и Бошњаците.

Бруталност е кога те гледаат в очи и лажат. Нежност е кога тоа го прават одпозади

Историјата се повторува
ама нејзината содржина
е секогаш поинаква!

Инфлацијата на политичари
е еднакво пропорционална
на дефлацијата на знаењето.

**Сабахудин ХАЏИАЛАГИЌ**

# ДОСКОКНУВАЊА

Не можам да се пожалам на апетитот.
Се јадам неколку пати на ден.

Наскоро ќе добиеме нова влада.
Али-баба се согласи на коалиција.

Памет во глава. И пасошот во раце.

Заврши играта на крадци и полицајци.
Сега можеме да формираме влада.

Викнав брза помош. Ме честеа со инфузија.

**Раде ЃЕРГОВИЌ**

# ЕПИГРАМАТИКА

**Изврши па жали се**

Ни на што не вреди жалење
Одамна умре честа.
Животот за многумина е казна
жалба не одлага извршна вест.

**Физиологија на владеењето**

Го прочитаа дамна народот
Ну земаа физиолошки мери.
Гладен мев кркори
А полниот почнува да сери.

**Стеван КОЈИЌ**

# КРАТКО И ЈАСНО

Мајмуните не личат на луѓето,
туку луѓето личат на мајмуни.

Кој им верува на политичарите,
самиот се прави будала.

**Наум ЈОВАНОВСКИ**

Кети РАДЕВСКА



# КОГА ЌЕ ЈА ПОГЛЕДНЕТЕ ДРЖАВАТА ТРЕБА ДА ВИ ПАЃААТ ИДЕИ А НЕ ТЕМНИЦА НА ОЧИТЕ!

Ристо ФИЛЧЕВСКИ

# МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ НА АФОРИЗАМ И КАРИКАТУРИ СТРУМИЦА 2010

Меѓународното жири на фестивалот Струмица 2010 во состав:

Венета Казарева - Бугарија (претседател),
Панде Петровски - Македонија (член),
Ристо Филчевски - Македонија (член),
Трајче Бјадов - Македонија (член) и
Ацо Гогов - Македонија (член) ги донесе следните одлуки:

**Во категорија афоризам**

Златна плакета: Стеван Којиќ (Нови Сад-Србија)
Сребрена плакета: Димитар Атанасов (Кубрат-Бугарија)
Бронзена плакета: Атанас Крлевски (Велес-Македонија)
Диплома: Веселин Зидаров (Габрово-Бугарија) и Пеко Лаличиќ (Мајданпек-Србија).

**Во категорија карикатура**
Златна плакета: Румен Драгостинов (Бугарија)
Сребрена плакета: Михаил Златковски (Русија)
Бронзена плакета: Спиро Џајков (Македонија)
Диплома: Никола Ангелковски (Македонија), Валентин Георгиев (Бугарија), Ферол Мурило Фуентас (Коста Рика), Дре Матијас (Белгија) и Хуан Камило Лопера Аројаве (Колумбија).

**СТРУМИЧКА МЕШАНИЦА**
**(еротски афоризми)**

- Во нејзе влегоа сто ѓаволи. На првиот му беше најтешко.
- Женаму повторно се расквачи. По цел ден седи на јајца.

*Стеван КОЈИЌ*

- Како да не кукурикам, кога живеам со таква кокошка!
- Медениот месец е прв чекор кон шеќерната болест.

*Димитар АТАНАСОВ*

- Кога жената е сита од својот маж, лапнала нешто кај комшијата.
- Сексот ми е како досаден театар. Заспиван уште на првиот чин.

*Атанас КРЛЕВСКИ*



Румен Дргостинов - Бугарија, Златна плакета



Михаил Златковски - Русија, Сребрена плакета




Валери Александров - Бугарија, Награда на ОО



Спиро Џајков - Македонија, Бронзена плакета



## WEB- СТРАНИЦИ ЗА СОРАБОТНИЦИТЕ

**За сите оние кои сакаат да соработуваат на полето на хуморот, сатирата и карикатурата, МАКЕДОНСКИ ОСТЕН им ги препорачува:**

*ЕТНА* www.aforizmi.org/etna
(Весна Денчиќ) etna@dencic.com

*НОСОРОГ* www.nosorog.rs.sr
(Горан Кљајиќ) nosorog@blic.net

*ЖИКИШОН* www.zikison.net
(Зоран Матиќ-Мазос) zikison@zikison.net

*ПОЛИТИКА* www.politika.co.yu
(Драгутин Миниќ Карло)
redakcija@politika.co.yu

*САТИРАРТ* www.artija.net
(Владица Миленковиќ - Влајче)
satirart@artija. net


**МАКЕДОНСКИ ОСТЕН**

*Издавач:*
Здружение на хумористи и сатиричари „ОСТЕНОВИ"

*Главен и одговорен уредник:*
Васил ТОЛЕВСКИ

*Редакција:*
Миле ЃОРЃИЈОСКИ
Мирослав ГЕОРГИЕВСКИ
Јордан ПОП ИЛИЕВ
Никола СИМОВСКИ

Графички уредник:
Бојан СИМОВСКИ

Адреса на редакцијата:
ул. Знеполе бр. 16, 1060-Скопје
e-mail: makedonskiosten@yahoo.com

Ракописите и карикатурите не се враќаат.


# ЕПИДРАМИ

**Ристо ФИЛЧЕВСКИ**

**МИЈАУУ**
Времето ти дојде мацо мила
Сексот дава сила
Врескањето силно мами
Па го практикуваат и дами.

**ГРИП**
Како во некој стрип
Се редат слики за грип
За нас се лепи
А свински е тип.

# ТОМОСЕК

Не ми е криво што ме
третираат како коњ,
туку што магариња ме јаваат.

Порано парламентот личеше
на дувачки оркестар:
труба до труба и некое свирче.
Денес заклучив дека е
како Караџица: дрво до дрво
и некоја цепаница.

Кога ќе видам какви мајмуни
имаат имунитет, со чиста совест
би го нарекол – мајмунитет.

Порано барем бевме облечени,
без разлика на нивните пароли.
Денес од нивните ветувања
останавме и гладни и голи.

**Томе ТАСЕВСКИ**

# ЕПИГРАМИ

**Димитар ЛЕШНИКОВСКИ**

**ПОРАКА**
Лидеру,
не ми давај
чесен збор,
прво среди го
сопствениот двор.

**НАРОДЕН ПРАТЕНИК**
Кога нема
аргументи,
Силно креска,
Не му е грижа
што глупост треска!

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
По изборите
се што вети,
не можеше
да се сети.

**НОВИНАР**
Тврдеше дека
пишува реално,
без никаква злоба.
Сепак за клевета
плати глоба!

**НА БАЛКАНОТ НАЈТЕШКО Е ДА СИ МАКЕДОНЕЦ. ЕДНО ГАЗЕ... А МНОГУ КАНДИДАТИ.** Васил ТОЛЕВСКИ

**Саша ДИМИТРИЈЕВИЌ**



# НАРОДОТ СЕКОГАШ ИМ СЛУЖЕЛ НА ОНИЕ КОИ СЕ КОЛНЕЛЕ ДЕКА ЌЕ МУ СЛУЖАТ НА НАРОДОТ!

**Иван КАРАДАК**

КОГА ИСТОРИЈАТА ЈА ПИШУВААТ НЕПИСМЕНИ ПОЛИТИЧАРИ ОСТАВААТ КРСТОВИ ЗАД СЕБЕ.

Наташа ЃОРЃИЈОСКА



Горан ЌЕЛИЧАНИН



АМОРИМ

ДА БИДЕМЕ МАКЕДОНЦИ. ТОА БАРЕМ НЕ ЧИНИ НИТУ ПЕТ ПАРИ!

Васил ТОЛЕВСКИ



Веселин ЗИДАРОВ



Миро ГЕОРГИЕВСКИ

ГОМНО ОД ЧОВЕК А МУВА НЕ ГО ЛАЗИ!

Миле ЃОРЃИЈОСКИ

БЕШЕ ТОА ПОГРЕБ КАКОВ ШТО НЕ СЕ ПАМЕТИ. ОРКЕСТАРОТ ЗА ЗАКОП ПОВЕЌЕ ПАТИ ИЗЛЕГУВАШЕ НА БИС.

Милан ТОДОРОВ